РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-879/4
20-07-2026 г./v.

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-879/1 од 20.02.2026 година, оформен по пријава против ------------------ -------------------- градоначалник на општина ------------ и други службени лица вработени во општината задолжени за спроведување на постапки за легализација на бесправно изградени објекти, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај од причина што за предметните наводи и пријавените дејствија постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-879/1 од 20.02.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 20.02.2026 година, доставена е пријава против ------------------- -------------------- градоначалник на општина ------------ и други службени лица вработени во општината задолжени за спроведување на постапки за легализација на бесправно изградени објекти, и оформен е предмет број 12-879/1 од 20.02.2026 година.
Во пријавата се изнесени наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба на горенаведените лица во предметна постапка за легализација на објект во врска со која од страна на подносителот на пријавата преку полномошник ад. -------- ----------- била поднесена Жалба против донесено Решение на градоначалникот со број УП1 бр. -- - -------/----- од --.--.------- година.
Во насока на проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК достави барање до општина ----------- за произнесување со достава на прилог документација за тоа дали и како е постапено по однос на горенаведеното решение по кое била вложена жалба

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

која општината ја доставила на Министерството за транспорт и врски со допис број УП1 бр. -- -- --------/------- од --.--.------- година.

Општина ------------- извести дека Министерството за транспорт и врски на РСМ, решавајќи по жалбата на ----------- ------------ од ----------, преку полномошник адвокат -------- ---------- од -------- ------------, против донесеното Решение на општината УП1 бр.-- - -----/------ од --.--.----- година, има донесено Решение УП2 бр.--- - --/---- од --.--.----- година со кое се уважува жалбата и го поништува решението на првостепениот орган. Согласно укажувањата на второстепеното решение УП2 бр.-- - --/----- од --.--.------ во повторната постапка било изготвено известување УП1 бр.-- - -----/---- од --.--.------ година и истото било доставено до --------- ---------- од -----------------и полномошник адвокат Весна Колевска од Куманово. По доставување на известувањето до барателот и полномошникот овој орган на решението УП1 бр.-- - ------- од --.--.---- година ставил штембил за правосилност и истите заедно со градежна инспекција ги известил дека управниот акт е правосилен.

Имајќи во предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за случајот е постапено од страна на друг надлежен орган по што оцени дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал; Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar

Доставено до
–Подносителот на пријавата